# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 126 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/2010, 124/10 и 51/11) и член 205 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр. 38/05 и 110/08),општина Илинден го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

**На живинарска фарма "Кока Фарм-Боил" со адреса на ул. 6 бр.70 н.Илинден и се издава Дозвола за усогласување со оперативен план.**

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Инсталацијата "Кока Фарм-Боил" со адреса ул.6 бр.70 н.Илинден, до општина Илинден поднесе Барање за добивање на Дозвола за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето(ИСКЗ). Инсталацијата "Кока Фарм-Боил" е фарма за одгледување на кокошки несилки и спаѓа во инсталации за интезивно живинарство или свињарство со капацитет од 5000-40.000 места за живина.

Овластениот инспектор за животна средина при општина Илинден со преставник од Одделението за ИСКЗ направи увид во инсталацијата при што е составен Записник за констатација. Разгледуван е описот на инсталацијата (управната зграда, објекти за одгледување на кокошки несилки, силоси за храна, собирен центар, магацин за јајца, дизел агрегат) како и нејзините активности (технолошкото решение на одгледување на кокошки несилки,технолошката постапка за одгледување на кокошки несилки, технолошката постапка за сортирање и пакување на јајца и технолошко решение за сортирање и пакување на јајца). На состанокот подетално се разгледуваа точките V :Цврст и течен отпад ,VI:Емисии во атмосферата, VIII:Емисии во почва и точка IX: Земјделски и фармерски активности, од Барањето.

На состанокот беше опфатен во целост Оперативниот план, каде што операторот на инсталацијата "Кока Фарм-Боил" е должен да го спроведува оперативниот план онака како што е приложено во Барањето.

Надлежноста на органот-Општината, кој ја издава дозволата е должен да ги провери условите во дозволата и доколку има промени да покрене постапка за измена на Б-интегрираната еколошка дозвола.

Надлежниот орган , доколку увиди дека нема надминување на нивото на негативно влијание врз животната средина, спроведува постапка за издавање на дозволата. Ако надлежниот орган утврди дека поради заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина, како и заради промени во прописите од областа на животната средина кои можат да влијаат врз работењето на инсталацијата е потребна измена на Б-интегрирана еколошка дозвола, носи решение за измена на Б-интегрираната еколошка дозвола.

По разгледувањето на барањето надлежниот орган издава решение со кое се одобрува или одбива преносот на дозволата.

По завршувањето на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од член 126 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/2010, 124/10 и 51/11), општина Илинден донесе одлука како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на издавањето на решението.

Жалбата се таксира со 200 (денари).

Изготвил:
Силвија Давидовска

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски**

Република Македонија Градоначалник Општина Илинден

доставено до:
- Архива
- одговорно лице-
Петровска Сузана

Арх.Бр. 09-510/6
Дата 17.09 2012